Врз основа на Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Охрид бр. 09-7951/10 од 11.06.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за вршење општински линиски превоз на патници во Општина Охрид бр.08-12305/34 од 06.12.2021 година, Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.08-9420/7 од 12.07.2022 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Охрид бр.08-7820/77 од 28.05.2025 година, Општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2025**
**За доделување на дозвола за вршење на општински линиски превоз – Градска линија 1 и Градска линија 2**

**1.Предмет на овој оглас е доделување на дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници за:**

- Градска линија 1 за период од 5(пет) години сметано од денот на добивање на дозволата за вршење на бараниот превоз и

- Градска линија 2 за период од 5(пет) години сметано од денот на добивање на дозволата за вршење на бараниот превоз

**Превозникот започнува да го извршува превозот по добивање на дозволата што ја издава Градоначалникот на општината и регистриран возен ред за добиената линија.**

**Превозникот, линискиот превоз на патници треба да го врши со автобуси, минибуси и комби возила кои се технички исправни и ги исполнуваат условите за опременост согласно Правилникот за опрема на возилата за безбедно учество во сообраќајот.**

**Превозникот, бројот и називот на линијата задолжително треба да ги постави на десната страна од предното ветробранско стакло.**

**Влегувањето и слегувањето на патници ќе го врши исклучиво на автобуски постојки кои се наоѓаат по трасата по која се движи.**

**При вршење на превозот, возачот во возилото задолжително треба поседува фотокопија од лиценца за вршење на општински линиски превоз, извод од лиценца за возилото со кое го врши превозот, фотокопија од добиената дозвола и фотокопија од регистрираниот возен ред.**

**ДОЗВОЛАТА НЕ Е ПРЕНОСЛИВА.**

Возните редови за горенаведените линии кои се прилог на овој оглас и останатите обрасци потребни за огласот може да се подигнат преку официјалната веб страна на Општина Охрид- **www.ohrid.gov.mk.**

**2.Услов кој треба да ги исполнува превозникот за добивање на дозвола за вршење на линискиот превоз:**

1) Да е впишан во Централниот регистар на Република Македонија и да има регистрирано приоритетна дејност- вршење на превоз на патници во патниот сообраќај(**овој услов се докажува со приложување на оригинал тековна состојба издадена од надлежна институција не постара од 6(шест) месеци);**
2) да е сопственик на минимум 4(по две за секоја линија поодделно ) регистрирани возила за превоз или да има договор за лизинг за возила; автобусите, минибусите и комби возилата со кои аплицира на објавениот оглас да имаат од 20-32 места за седење и најмалку 15 места за стоење, со исполнети посебни техничко-експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз и потврда за еколошки

стандарди на возилото ( најмалку ЕУРО 4): **овој услов се докажува со приложување на фотокопија од сообраќајните дозволи заверени на нотар за секое возило со кое аплицира пооделно, фотокопија од документ со кој се докажува техничко експлоатационите услови на возилото, фотокопија од издадена потврда за исполнување на еколошки стандарди на возилото ( најмалку ЕУРО 4) );**

3) За возилата со кои аплицира за горенаведените линии да поседува важечки извод од лиценца за вршење општински линиски превоз; (**овој услов се докажува со приложување на фотокопија од важечки извод од лиценца издаден од надлежна институција);**
4) Да има вработено во редовен работен однос возачи во зависност од бројот на моторните возила, минимум двајца возачи по возило што ги исполнуваат условите пропишани со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата; **(овој услов се докажува со приложување на список на вработени по обврзник издаден од ФПИОМ не постар од 60 дена, сметано од денот на објавување на огласот);**
5) Да има во сопственост простор за паркирање на возилата со кои ќе се врши превозот, како и место на задржување во време кога тие не се користат**( овој услов се докажува со приложување на фотокопија на имотен лист или договор за обезбеден простор заверен на нотар);**
6) Управителот или овластеното лице одговорно за превозот да поседува сертификат за професионална компетентност(**да се приложи фотокопија од сертификатот за професионална компетентност)** и
7) Да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај.(**уверение издадено од надлежна институција не постаро од 3(три) месеци, сметано од денот на објавување на огласот).**

8) **Посебни услови:**

При аплицирањето превозникот мора да понуди најмалку 4 возила кои не смеат да се поклопуваат во останатите линии(по две посебни возила за секоја линија). Четирите возила се бараат бидејќи две возила треба да биде во резерва во случај да се случи дефект на моторното возило со кое во моментот се врши превоз на патници.

-На огласот превозниците можат да учествуваат поединечно или групно под услови предвидени со закон.

* Општината го задржува правото за промена или дополнување на возниот ред заверен во општина Охрид притоа превозникот нема да има право на приговор ниту да превзема некакво правно дејство;

*** Одлуките на Совет со кои се регулирани минималниот надоместок за користење на автобуски постојки и максималната цена по патник се прикачени на општинската веб страна www.ohrid.gov.mk►локална самоуправа►службен гласник.**

**3.Критериуми за доделување на дозволи за вршење на општински линиски превоз:**

Најповолниот превозник на одредена линија ќе биде избран по одржување на електронското наддавање на параметар 1 кое ќе се врши врз основа на првично изготвената ранг листа на датум и термин определен од Комисијата формирана за спроведување на огласот и бодувањето на останатите параметри . Како почетна цена на електронското наддавање ќе се смета највисоко рангираната понуда за користење на автобуски постојки за период од 5 години утврдена во почетната ранг листа. Параметри преку кои ќе се утврдува најдобро рангирана понуда ќе бидат надоместокот за користење на автобуски постојки(1), цена на дневен билет во еден правец(2) и цена на месечен билет(3).

Оценувањето на останатите параметри ќе се извршува со користење на формула.

**Начинот на бодување е даден во следната табела:**

| надоместок за користење на автобуски постојки изразен во максимален број на бодови(параметар 1) | цена на дневен билет во еден правец изразен во максимален број на бодови (параметар 2) | цена на месечен билет изразен во максимален број на бодови (параметар 3) |
|---|---|---|
| 60 | 20 | 20 |

Формула 1-параметар 2

$$20 = \frac{\text{понудената цена на дневен билет} * \text{максимално понудената дневна цена}}{\text{Максимална цена на превоз на патници утврдена со Одлука на Совет}}$$

Формула 2-параметар 3

$$20 = \frac{\text{понудената цена на месечен билет} * \text{максимално понудената месечна цена}}{\text{Просечна цена на месечен билет}}$$

**Износот на минималниот годишен надоместок за користење на автобуски постојки /денари согласно изменетата Одлука на Совет бр.08-7820/77 изнесува:**

| Релација | Минимален годишен надоместок за користење на автобуски постојки /денари | Минимален надоместок за користење на автобуски постојки за период од 5 години/денари |
|---|---|---|
| Градска линија 1 | 3.000,oo | 15.000,oo |
| Градска линија 2 | 3.000,oo | 15.000,oo |

| Релација | Максимална цена за превоз на патници согласно Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за опоштински линиски превоз на патници бр.08-12305/34/денари |
|---|---|
| Градска линија 1 | 30,oo |
| Градска линија 2 | 30,oo |

**4. Содржина и рок на доставување на понуда за добивање на дозвола за вршење на линискиот превоз:**

Понудувачот оригиналниот примерок на понуда заедно со документите за докажување на условите за учество на огласот и изјавите ги приложува во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

-е адресиран со точна адреса на договорниот орган,

-го содржи бројот на огласот, делот за кој аплицира-Градска линија 1/ Градска линија 2

-во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, што значи да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Пример како треба да се адресира надворешниот коверт:

| | |
|---|---|
| **„ Не отворај”** | **ЈАВЕН ОГЛАС БР.1**<br>**-Градска линија 1/**<br>**-Градска линија 2**<br><br>**До**<br>**Општина Охрид**<br>**ул. „Димитар Влахов” бр.57** |

**На надворешниот коверт се наведува само линијата за која се аплицира.**

**Начинот на подмирување на надоместокот за користење на автобуски постојки ќе биде определен со договорот за добивање дозвола за вршење на превоз на одредена релација.**

Понудите кои нема да ја содржат целокупната барана документација нема да бидат предмет на евалуација.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите ќе се отфрлат како неуредни.

Заинтересираните превозници своите понуди треба да ги доставаат во затворени коверти со назнака за Јавен оглас 01/2025, најдоцна до **25.07.2025** година до **12:00** часот на следната адреса: Општина Охрид-Комисија за спроведување на оглас 01/2025-релација : Градска линија 1 и Градска линија 2, ул. Димитар Влахов бр.57 Охрид. Отворањето на понудите е јавно и достапно за подносителите на понудите и исто ќе се одржи на ден 25.07.2025 година во 12 и 30 часот во Малата сала на општина Охрид.

**ОПШТИНА ОХРИД**

**Комисија за спроведување на јавен оглас 01/2025**